Тања Битољану Плавшиќ

# ЗАБРАНА ЗА ЛЕТАЊЕ ЗМАЕВИ

Тие и Ние

Медиумите креираат клима на очај и успешност. Зависи од која страна се гледа, како во загатките на Ешер: Идеална или потполно извртена слика на светот. Менталната окупација трае дваесет и четири часа! Се вовлекува во домови, се распостила по улици, продира во сништа, зјапа од насловните страници. Насмеани, раскокодакани транзициски јунаци (какво време / такви херои) опколени со невидлива свита од фризери, фалсификатори, тепачи. Во предизборието го поделија светот на успешна и губитничка партија. Единствена реална поделба во нашиот повеќепартиски систем и демократија.

Тие: важни, снаодливи, вешти. До богатствата дојдоа врз нашата несреќа. Бесрамно лишени од најмала трошка понизност, тие се тотално арогантни и глобално доминантни. Народот им е последна дупка на свиралата.

Ние: Залудно свириме "Посмртен марш" заедно со филхармонијата (со зголемување плати од евро и половина) под прозорците на Владата. Прегладнет бенд од уметници, стечајци, интелектуалци... Тутунари, лозари, градинари... Наставници, технолошки вишоци, принудноодморци...

Немаат слух за оваа свирка. Ние мислиме: не е добро да се наметнува своја идеологија (светоглед, филозофија). Тие наметнуваат своја волја. Ние знаеме: не е добро да угнетуваш други. Тие со сила нѐ набутаа во своја конструкција. Ние велиме: нечесно е да принудуваш други да се однесуваат нечесно. Водени од сопствените тестостерони, тие ни прават што сакаат. Тие се над законот. Законот е, поточно, во нивни раце.

За едно дете

Јас, всушност, тргнав да кажувам за едно Девојче преселено во туѓи молитви и утехи...

Ја гледам како ги прави првите чекори ...Има ли кој да ја прифати? На мали години, заедно со брат ѝ и мајка ѝ ги учи грубите лекции за опстанок во домот на разведени родители. Допрва ќе мора да научи уште многу нешта: припаѓање, прифаќање, испомагање. Како да стекне самостојност и упорност со толкаво време од неискажани желби, прекинати потреби, недовршени чувства?

По некое време (од едно десетина години) таткото со потплатен адвокат ги презема децата. Менува ли тоа нешто во осамата и отуѓеноста на Девојчето? Има ли Таа гард пред нараснувачката тинејџерска агресија на врсниците? Глуми ли во школо за да се заштити? Глуми ли дома за да го заслужи сопствениот статус? Дали е итра за да научи да биде доволно лоша за надворешна употреба? Дали е загледана, како и сите врснички во далечините?

Има ли компјутер? Достапен интернет? Што мисли за блоговите на Бруна Сурфер, која на седумнаесет години станала проститутка, доживеала пресврт, започнала да ги пишува своите исповеди, и сега е медиумска мега ѕвезда?

Тајната на македонската убавина. Фотосеријал од насловни страници на престижно списание. Тајната се крие во тоа што секоја од тие femme fatale има personality. Внатре: една гејша се шминка пред професионална средба. Го бои лицето во бело, става кармин само на долната усна, црта розови образи поблиску до очите, за да постигне ефект на младост и бебешка фаца.

Допрва расцутената женственост на Девојчето е како згазен цвет во трева, како дамка на асфалтот...

Наоколу талкаат стампеда од испотени тела, разбудени хормони, високи штикли, куси здолништа, голи стомаци, безобразни деколтеа, ефтина шминка... Бесплатен потенцијал за нов, вносен транзициски бизнис. За ваучер за мобилен, парче гардероба, сокче и пица, прерано созреани мали жени им носат повеќекратно зголемен ќар на нивните подведувачи.


Во имѧ оц҃а и сн҃а,
и ст҃агѡ дх҃а,
аминь.
Во имѧ оц҃а и сн҃а

Homo homini sakra est

Приказнава се случува во дваесет и први век во една земја на ридестиот Балкан, опсесивно загледана накај Европа- позлатена метафора за сигурен и радосен живот. Дали оттаму ни дојде оваа чума во која човек на човека наместо светост му е само средство за постигнување задоволство и поткревање на мачо адреналини? Или во нешто сме сепак, авангарда? Во Холандија партијата педофили допрва почнува да се залага за намалување на границата за сексуални слободи на дванаесет години.

Исплашени од залепените очи на своите деца, изморени од перење искинати хулахопки, алкохолни и други валкани дамки, фамилиите конечно собираат сила и тужат. Тука започнува пеколот наречен истрага. Низ аферата дефилираат не само макроа туку и полицијаци, инспектори, судии, јавни обвинители, адвокати, на кои системот им доверил статус на компетентни заштитници на кревкоста на нивните млади години. Но, наместо одговорност и закон, во приказнава доминира ефтината кафеанска реа:"узми све што ти живот пружа"или"во себе, на себе и под себе"...

Жртвите ги носат во полиција за да ги индетификуваат своите трипати постари клиенти со цврст алиби и меки чаршиски поддршки... Мешести луѓе на ова време коишто со камшик се тераат себеси низ животот за да спечалат повеќе отколку што им треба. Инстант животи во инстант семејства со инстант викенди... Монотонија и старечки кошмарна слика за постоењето, што може да се прекрати со некое младо детско тело...

Животот е чекор

Секогаш кога случајот се повлекуваше низ печат ме тераше на повраќање. Се обидов да гледам поинаку: Можеби, сепак, не е толку темно за да поцрниме, и да не можеме во тој мрак да се разпознаеме? Токму во тој миг ме погоди Нејзината насмеана слика од смртовница. Незнам... Можеби насмевката, ведрината, нејзините четиринаесет години, сите тие толку живи импулси, не дозволуваа да се прифати крајот потонат во морничава трагедија. Зар е можно животот да стане само чекор, а чекорот смрт? Бојкот. Тегоба на душата. Заминување запечатено со безнадежност; овде веќе ништо не може да тргне кон подобро..

## Страв или срам

Самоубиство или убиство? Мистериозна смрт во болница под неразјаснети околности. Живот пресечен предвремено и насилно со грди призвуци на мистерија, е случај за Д-р Кејт Скарпета, државен патолог - форензичар, која во серијалот бестселери од САД, со невидена упорност и храброст ја прави правдата достапна за своите клиенти, дури и кога смрта ке го стори своето. Но овде немаше аутопсија. Ни заштита на главниот сведок-жртва. Ни притвор за обвинетиот за силување, заведување и подведување малолетнички...

Девојчето, животно победено и од туѓите и од своите, му припаѓа на несреќното племе со одземена можност за доречување. Приказнава затоа може да добие и сосема неочекуван крај:
Обвинетите да тврдат дека приказната е монтирана од фамилијата и некои инспектори, за да се извлечат од нив што повеќе пари. Никој не води сметка за достоинството на смртта и една празна клупа во едно осмо одделение.

## Светот е длабински поврзан

Талибанците во Авганистан во војната против радоста на народот, ја започнаа својата старо - нова ера со бројни забрани. Забранети беа: музика, слики, играње на свадби, тапани, странски фризури, тврди ѓонови - звукот на женските чевли би можел да ги вознемири мажите... Имаше забрана и за летање змаеви, во оваа чудна земја, во која најпознатиот авганистански суфист Руми, уште во тринаесетиот век запишал:

> "Му вели водата на валканиот: Дојди.
> Валканиот одговара: се срамам премногу.
> Одговара водата: а како без мене ќе го измиеш гревот?"

...стихови што упорно ми се наметнуваа додека го гледав филмот "Барака" и се прашував како е можно и по толку молитви светот да остане бесчувствителен за радоста и достоинството на животот? "Барака" е, инаку, термин што кај суфистите означува, меѓу другото, и "првичен здив на животот".

Приказната за Девојчето, Милоста Божја нека ја укрепи, што морав некому да ја кажам, е злостор против животот! Човековото достоинство се мери со степенот до кој неговите постапки се управувани од љубов и сочувство, а не агресивност и алчност.

За првпат во Македонија!

# ЕВРОДИЗЕЛ

од 17 април

на бензинските станици на

**МАКПЕТРОЛ АД**



**Бензинска станица**
**002 Партизанска**
"Партизански одреди" бб
телефон: 02/ 3090 166

**Бензинска станица**
**087 Влае 2**
"Партизански одреди" бб
телефон: 02/ 2050 992

**Бензинска станица**
**144 Транспортен центар**
"Никола Карев" бб
телефон: 02/ 2402 469

**Бензинска станица**
**053 Лисиче**
бул. "Србија" бб
телефон: 02/ 2400 124

**Бензинска станица**
**007 Сингелиќ**
"Методија А. Ченто" бб
телефон: 02/ 2550 058

**Бензинска станица**
**080 Куманово**
"Моша Пијаде" бб
телефон: 031/ 437 960

**Бензинска станица**
**016 Битола**
"Прилепска" бб
телефон: 047/ 202 820

гориво со европски стандард EN 590:2004 што целосно одговара на барањата на современите автомобили со софистицирани дизел мотори

**МАКПЕТРОЛ АД**
www.makpetrol.com.mk